ФЗОРСМ
FSSHRMV
Фонд за здравствено о сигурување на Република Северна Македонија
Fondi i Sigurimit Shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**24.02.2021 година**

**СООПШТЕНИЕ**

**Издавање на лабораториски упат ЛУ 1- COVID – 19 од избран лекар**

Во Службен весник на Република Северна Македонија бр.303/2020 на 21.12.2020 година, објавена е Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, со која се воведува новиот образец на Лабораториски упат 1 – COVID-19-(SARS-CoV-2) -“ЛУ1-COVID-19. На одлуката направена е исправка во Службен весник на Република Северна Македонија бр.311/2020 од 28.12.2020 година, со која е објавен и самиот образец на овој упат кој е потребно да се применува во пракса.

Со Лабораторискиот упат 1 – COVID-19-(SARS-CoV-2) -“ЛУ1-COVID-19, се овозможува на избраниот лекар од дејноста општа медицина, заради следење на здравствената состојба на осигурени лица заболени од COVID 19 кои се на домашно лекување, да може да им издаде ваков упат ЛУ1-COVID-19 заради утврдување на вредностите на биохемиските лабораториски здравствени услуги: Д-Димер и CRP.

Упатот може да се реализира во **<u>јавни здравствени установи, (болници и здравствени домови),</u>**

Со почит,

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi i Sigurimit Shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. „Македонија“, бр.5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. “Maqedonia” nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk